Република Северна Македонија

**Министерство за информатичко општество и администрација**

**Совет за координација и следење на процесот на Отворено владино партнерство и Националниот Акциски план за Отворено владино партнерство 2018-2020 година**

Отворено Владино Партнерство **Северна Македонија**

# З А П И С Н И К

од Третата седница на Советот за координација и следење на процесот на Отворено владино партнерство и Националниот Акциски план за Отворено владино партнерство 2018-2020 година одржана на 20.07.2020

**Скопје, јули 2020 година**


Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

# З А П И С Н И К

од Третата седница на Советот за координација и следење на процесот на Отворено владино партнерство и Националниот Акциски план за Отворено владино партнерство 2018-2020 година одржана на 20.07.2020 (понеделник)

Третата седница на Советот започна во 10:00 часот и се одржа по електронски пат преку Microsoft Teams платформата.

На седницата присуствуваа членовите: **Маја Петковска Лесес** - Кабинет на министерот без ресор задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност; **Герман Филков** - Центар за граѓански комуникации; **Миша Поповиќ** - Институт за демократија „Социетас Цивилис“; **Горан Мојаноски** - Министерство за финансии; **Дарко Антиќ** - Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените; **Надица Јосифовски** - Министерство за информатичко општество и администрација; **Мартин Тодевски** - Центар за управување со промени; **Ели Чакар** - Министерство за локална самоуправа; **Благица Димитровска** - Здружение за промоција и развој на инклузивно општество „Инклузива“; **Ивона Сталевска** - Фондација Отворено општество – Македонија; **Теодора Обрадовиќ Грнчаровска** - Министерство за животна средина и просторно планирање.

На третата седница на Советот присуствуваа и г-ѓа **Гордана Гапиќ Димитровска** - Национален координатор за Отворено владино партнерство, **Адриан Абази** - Министерство за информатичко општество и администрација и **Станислав Василевски** - Министерство за информатичко општество и администрација; **Адем Цуцуљ**- Државна комисија за спречување на корупцијата; **Александра Цветковска** – НДИ; **Бојан Василевски** - Собранието на Република Северна Македонија; **Златко Атанасов** - Парламентарен институт - Собранието на Република Северна Македонија; **Александра Јовевска Ѓорѓовска** - Институт за демократија „Социетас Цивилис“; **Горица Нацинска** – ЦПИА; **Марија**

**Николовска Арсовска** - Фондација Метаморфозис и **Ќендреса Сулејмани** - Фондација Метаморфозис.

На седницата не присуствуваа членовите: **Маја Коневска** - Државна комисија за спречување на корупцијата; **Душан Томшиќ** - Министерство за труд и социјална политика; **Наташа Марковска** – Академија на науките и уметностите на Република Северна Македонија – МАНУ и **Жарко Хаџи-Зафиров**- ЦПИА и **Сунчица Костовска-Петровска** - Фондација Отворено општество – Македонија.

*

* *

Во улога на организатор и претседавач на третата видео седницата ја отвори г-ѓа **Маја Петковска Лесес** – ко-преседателка на Советот која ги поздрави сите пристуни членови на Советот за координација и следење на процесот на Отворено владино партнерство и Националниот Акциски план за Отворено владино партнерство 2018-2020 година. Поради технички причини на минатата седница, **Маја Петковска Лесес** го искористи почетокот на третата седница на Совет да се заблагодари на сите членови на Советот за изразената доверба да претседава со истиот заедно со Мартин Тодевски. Ко-претседателката воедно ја истакна и заложбата на Владата на РСМ за отворени и транспарентни институции во служба на граѓаните, потенцирајќи ја како заложба и на следната Влада за транспарентност и отчетност.

Во продолжение, а пред усвојување на дневниот ред и усвојување на записникот од втората седница на Советот, го повика **Станислав Василевски** да го образложи новиот начин на гласање кое е планирано да се одвива одеднаш на крајот од тековната седницата, за секоја точка од дневниот ред одделно. Во продолжение, **Станислав Василевски**, ги извести членовите на Советот за новиот принцип на гласање, според кој сите точки се наведени за гласање во веб форма, на е-мејл сите членови ќе добијат податоци како да се регистрираат и преку кој

линк ќе се одвива гласањето. Во иднина секое гласање, на секоја седница ќе се гласа според истиот принцип. При најава на линкот, ќе бидат евидентирани и достапни на увид сите претходни гласања поединечно за секој член на Советот. Пред усвојување на записникот од втората седница на Советот, ко-претседателката информираше дека во содржината на записникот има кратка интервенција од страна на **Дарко Антиќ**, веќе вклучена во содржината на записникот и истата се однесува на статусот на реализација на НАП4. Ко-претседателот **Мартин Тодевски** дополни дека е потребно дополнување на точките за гласање, односно дека најпрво треба да се додаде точка: „Усвојување на Записник од втората седница на  Советот, одржана на 09.06.2020“, за потоа да се продолжи со останатите точки на дневен ред планирани за тековната седница.

*
* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред, Советот за координација и следење на процесот на Отворено владино партнерство и Националниот Акциски план за Отворено владино партнерство 2018-2020 година го утврди следниов:

ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од втората седница на  Советот, одржана на 09.06.2020

1. Предлог-постапка за спроведување на консултации со јавноста за креирање на нови приоритети и заложби во рамки на процесот „Отворено владино партнерство"
2. Предлог-насоки за спроведување на прашалник за оценка на имплементацијата на мерките од Националниот акциски план за Отворено владино партнерство и потребата од нивно вклучување во новиот акциски план


Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија
Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

3. Предлог- Јавен повик за пријавување на учество во процесот на ко-креирање на Акциски план за Отворено владино партнерство 2021-2023 година со Пријава
4. Презентација на тековните активности во процесот на ко-креирање на заложби за Отворен парламент
5. Презентација на тековните активности во процесот на ко-креирање на заложби за Отворено судство
6. Прашања и предлози

*
*   *

Поради технички причини, Советот се согласи без забелешки да го усвои Записникот од  втората седница, одржана на 09.06.2020 година, на дописна седница на Советот закажана за на 29.07.2020 година.

*
*   *

**Работен дел:**

По одделните точки од Дневниот ред, Советот ги донесе следните заклучоци:

**Точка 1**

Врз основа на првата точка на дневен ред: „Предлог-постапка за спроведување на консултации со јавноста за креирање на нови приоритети и заложби во рамки на процесот „Отворено владино партнерство", ко-претседателката ја повика **Ивона Сталевска**, членка на Работната група задолжена за подготовка на предлог Временска рамка и начин на спроведување на процесот на ко-креирање на Акцискиот план за Отворено владино партнерство 2020-2022 година, формирана од Советот да ги извести членовите на Советот за предлог-динамиката и постапка на спроведување на процесот на ко-креирање и изврши презентација на предлог документите кои ги подготви за денешната седница. **Ивона Сталевска** информираше дека во врска со точка 4 од

минатата седница на Совет – формирање на работна група во состав: **Дарко Антиќ** од Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените, **Ивона Сталевска** од Фондација Отворено општество - Македонија, **Ели Чакар** од Министерство за локална самоуправа, **Гордана Гапиќ Димитровска** од Министерство за информатичко општество и администрација, **Сунчица Костовска-Петровска** од Фондација Отворено општество – Македонија, **Ќендреса Сулејмани** и **Марија Николовска Арсовска** од Фондација Метаморфозис за спроведување на процесот на ко-креација на следниот АП, изминатиот период, преку активен ангажман, работната групата одржа низа состаноци, во врска со следните документи: Предлог-постапка за спроведување на консултации со јавноста за креирање на нови приоритети и заложби во рамки на процесот Отворено владино партнерство; документи кои произлегоа, односно ја уредуваат од предлог-постапката (Временска рамка за подготовка на НАП, Обрасци за пополнување-дел од постапка за ко-креирање, Јавен повик за пријавување на учество во процесот на ко-креирање на НАП за Отворено владино партнерство 2020 - 2022 година), како и Предлог-насоки за спроведување прашалник за оценка на имплементацијата на мерките од НАП за Отворено владино партнерство и потребата од нивно вклучување во новиот акциски план. Во продолжение, **Дарко Антиќ** го презентираше генералниот приказ на предлог-постапката чија временска рамка за консултации е предвидено да започне во август 2020, а завршуваат во март 2021 спроведена во четири основи чекори: првиот, во јули-август спроведување повик за пријавување на учесници во работни групи, трет чекор, период за едукација и консултација од октомври до декември преку низа работни состаноци и четврт чекор, доставување на предлози и развивање на заложби. Во материјалите кои беа разгледани пред седницата, **Дарко Антиќ** истакна дека подготвен е Јавен повик за кој ќе биде изработена и електронска верзија за пријавување согласно предвидениот начин на пријавување утврден во постапката. По формирање на групите за консултации, ќе се спроведат 5 работни состаноци на групите и еден состанок на Советот. Првиот состанок ќе биде наменет за дискутирање на проблеми од заложбите кои се утврдени во тековниот АП 2018-2020, утвдување на нивниот степен на исполнување и дали истите ќе се преточат или изостават во следниот АП и идентификување и приоретизирање на нови проблеми кои влијаеле врз граѓаните како резултат на КОВИД-19 преку платформата за консултации со поширока јавност во период од 2 недели (платформата ќе биде изработена од


Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија
Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

страна на Фондација Метаморфозис). Вториот состанок, предвиден за четвртата недела од октомври, ќе се однесува на очекуваните промени како резултат на ново идентификувани проблеми, понатаму во ноември ќе се утврдуваат начини за решавање на проблемите со вклучување на маргинализирани заедници, консултации со поширока јавноста. На четвртиот состанок ќе се спроведуваат и директни консултации со граѓани на локално ниво. По овој состанок, врз основа на претходно развиени Обрасци од страна на Работната група, Советот ќе одржи состанок на кој ќе ги разгледа продуктите од четирите состаноци врз основа на кои ќе направи приоретизирање и нивно распределување во соодветни области според претходно развиени критериуми за селекција. На петтиот состанок, претставници на јавни институции ќе дискутираат за формулирање на заложбите за кои е предвидена помошод Независниот механизам за известување. По одржаните состаноци ќе следи поинтензивна работа на Советот, кој ќе треба да усвои нацр-АП, да се објави за консултации со поширока јавност преку платформата и понатаму, да се донесе финалниот АП 2021-2023 кој ќе биде доставен до Влада за усвојување.

Дел од членовите се јавија за дискусија по следниот редослед:

Врз основа на претходно искуство во процесот на ОВП, **Герман Филков** зеде збор по однос на сите документи и се осврна на нејаснотија, односно забелешка во Јавниот повик во врска со терминот „јавноста“, односно „да и се овозможи на јавноста да се пријави за учество“. Понатаму, го постави прашањето зошто се бара граѓани да се пријавуваат, кога ко-креацијата е процес меѓу државните институции и граѓанскиот сектор како претставник на граѓаните и дали без никаков критериум може кој сака, без да знае ништо за ОВП, да се пријави и да учествува (слични ситуации се покажале како катастрофални). Потоа, укажа на нејаснотија околу: „локалното население“, едукацијата која е предвидена по пријавувањето, маргинализираните заедници – дали откако ќе се утврдат заложбите, ќе се погледнат од аспект на маргинализираните заедници или ќе има заложби за маргинализирани заедници. Исто така, побара објаснување што ќе се случува на средбите на локално ниво – дали од средбите ќе се собираат предлози или предлозите ќе се дискутираат со локалното население. Во врска со прашалникот, предложи да се помести периодот на спроведување за да се постигне посакуваниот ефект како и во однос на содржината и ги истакна


Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија
Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

прашањата „колку се задоволни од процесот на имплементација на мерките“ за кој смета дека ќе се добие многу субјективен одговор и како спорна дефиниција ја смета „процес на имплементација“ бидејќи многу мерки немаат процес на имплементација, туку само се спроведуваат. Исто така, кај „дали биле известени заинтересираните страни“ – се јавува нејаснотија со терминот „заинтересирани страни“ за кој постојат доста дефиниции. Понатаму, во Пријавата постои можност да се избере само една област која треба да се коригира во можност за пријавување во повеќе области или пак потребно е пополнување на посебна пријава за секоја избрана област одделно. Исто така и бараното „искуство во областа“, зошто е потребно да бараме искуство кога тоа не е услов, криетериум, фактор и кое не е релевантно во процесот.

Оттука, претставниците на Работна група, продолжија со појаснувања во однос на коментарите. **Дарко Антиќ** го пренесе ставот на Групата дека станува збор за поинаков процес на консултации. Досега, ГОи пријавувале листа на желби независно дали имале искуство во ОВП просецот. Со цел да бидат претставени ставовите на граѓаните, потребно е да бидат консултирани преку ГОи. Под поимот „поширока јавност“ се сметаат граѓани од различни групи, медиуми, бизнис сектор и сл. и идејата е заеднички да се идентификуваат листа на проблеми која би била консултирана со сите заинтересирани страни и ќе дадат придонес кон подобрување на состојбата на маргинализираните групи. Потребно е да се прикаже директниот импакт. Информирањето може да биде пред јавниот повик, додека пак Групата сметаше дека едукацијата е предвидена по јавниот повик, како директно би биле едуцирани оние кои ќе се пријават за учество во целиот процес. Вклучувањето на индивидуалци е многу важно како би дале придонес во развивање на важни јавни политики. Локалното население е во смисла на директна комуникација со граѓаните – организирање на средби во останати градови или пак средби со Роми, специфично со жени и сл. За гласањето на граѓаните групата сметаше да овозможи придонес по однос на приоретизирање на идентификувани проблеми и решенија, додека гласање по однос на усвоен нацрт-план од Совет – тоа е превид и ќе треба да се отстрани од документот.

**Гордана Гапиќ Димитровска** се согласи со забелешката по однос на терминот „јавност/засегнати страни/заинтересирани страни“ и истата треба да се


Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија
Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

дискутира на денешната седница со цел утврдување на единствен соодветен термин. Терминот „засегнати страни“, според административна пракса е можеби најсоодветен за користење и секако граѓаните ќе бидат дел од терминот „засегнати страни“. Во врска со критериумите за учество, според Јавниот повик појасни дека побарана е референца за соодветно искуство. Доколку Советот смета дека е потребно да се постават критериуми, треба и да се размисли кои ќе бидат тие критериуми според кои Советот ќе одлучува. Во делот едукација – наменета е за оние кои ќе се пријават со цел да стекнат знаење и вештини во однос на што е тоа ОВП и како ќе се одвива процесот на ко-креација опфаќајќи ги минимум стандардите на ОВП. Во однос на локални заедници и маргинализирани заедници, смета дека треба да се изгради став од страна на Советот со цел соодветно да се изрази во дикументите.

Според **Герман Филков,** интересите на граѓаните се претставуваат преку ГОи, но е против слободни граѓани да учествуваат во вакви процеси согласно претходно искуство.

**Миша Поповиќ** го пренесе досегашното искуство во врска со модерирање на состаноци каде биле изнесени индивидуални желби на граѓаните и најчесто не биле ОВП мерки. Потребно да постојат минимум критериуми базирани на искуство во целите и областите каде сакаме да интервенираме преку ОВП, сметајќи дека потребно е да се посвети време за информирање на пријавените со цел корисни идни дискусии и резултати во процесот.

**Ели Чакар** смета дека маргинализираните групи треба да бидат земени предвид во решавање на секое прашање или пак ако се соочуваат со огромен проблем. Граѓаните своите проблеми, интереси и проблеми секогаш ги адресираат преку ГОи и затоа е најдобро во процесот да бидат поканети само ГОи кои имаат искуство во областа каде идентификувале проблем и можни решенија. Со истата констатација се согласи и ко-претседателката. Според **Ели Чакар** процесот на консултации бара експертиза за која не сите граѓани ја имаат и би можеле соодветно да се вклучат. Граѓаните би зборувале за свои лични интереси и така би се изгубило време без да се дојде до посакуваниот резултат. **Дарко Антиќ** не се согласи со тоа дека граѓаните треба да бидат исклучени од процесот, укажувајќи


Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија
Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

дека граѓаните не знаат дека постои можност или како да се вклучат во било кој процес. ГОи фацилитираат но не можат самите да се вклучат.

**Ќендреса Сулејмани** посочи дека идејата е вклучување на широката јавност на почетокот кога ќе биде консултирана за проблемите без истите да бидат преточени во мерка/заложба. Советот понатаму ќе одлучи колку истите треба да бидат вклучени во процесот. Менување на закон е помалку ОВП мерка, отколку проблеми на граѓаните на локално ниво. Најдобро е да се соберат проблемите на локално ниво, па понатаму истите ќе бидат исфилтрирани и ќе се увиди дали ќе влезат во процесот.

**Благица Димитровска** смета дека ГОи треба да се вклучени, додека не и граѓаните директно бидејќи организациите ги застапуваат интересите на граѓаните.

**Мартин Тодевски** се согласи со Герман Филков и Миша Поповиќ во делот за критериумите, особено базирано и на претходните искуства каде лицата кои биле вклучени во процесот не ја гледале целта на ОВП, туку свои лични интереси нарушувајќи ја вредноста на ОВП. Да се изработат предлог-критериуми кои би се примениле со објавување на јавниот повик.

**Ивона Сталевска** посочи на дека средбите на локално ниво ќе бидат реализирани по првиот и по четвртиот состанок, токму затоа се временски темпирани за да може локалното население, маргинализирани заедници, да ги валидираат претходно идентификуваните проблеми, секако преку ГОи кои ги претставуваат нивните интереси како истовремено ќе се намали субјективноста во однос на приоретизирање лични проблеми, а во исто време е многу важно да се прикажат проблемите кои засегаат поголема група на граѓани.

**Теодора Обрадовиќ Грнчаровска** посочи принципиелно прашање за начинот и целта на објавување на повикот и самата постапка. Дали рамката за следниот АП ќе ја даде претходниот/тековниот АП или ќе внесеме новина во следниот план. Дали клучните реформи ќе бидат иницирани од интересите на ГОи, односно дали постои  можност и од државните институции за изразување интерес за искористување на ОВП како алатка во адресирање на важни политики.

Според **Гордана Гапиќ Димитровска**, тоа е апсолутно можно и потребно доколку иницијатива произлезе од државна институција, но многу ретко се projавил ваков интерес. Понатаму, се осврна како во пракса би изгледало поставувањето на критериумите за учество во процесот и како ќе тече процесот на ко-креирање, и нагчласи дека треба да се има вниматеен пристав со цел да се избегне ограничување на пороцесот на ко-креирање и на тој начин да се нанесе штета на целиот процес. Во однос на забелешката за гласањето на граѓаните по продуктите од работните групи, истото е предвидено да се одвива онлјан и истото преставува можност за изразување на поддршка на одреден предлог или продукт од работните групи, а не начин на носење на финална одлука. Во однос на областите /приоритетите, во рамки на дискусијата на Работната група, се одлучи да се продолжи со тековните области, во кои че се утврдуваат проблеми и истите ќе се приоретизираат а подоцна од страна ан Советот ќе се направи преструктуирање доколку е потребно.

**Мартин Тодевски** во однос на критериуми за учество во процесот смета дека искуство од одредена област ќе претставува поттик за ГОи кои работат во областа и се репрезент на граѓаните, и секако постоење на критериуми со кои ќе може да се исклучуваат несоодветни ГОи (на пример во однос на искуство во областа за која се пријавуваат).

**Герман Филков** смета дека на ГОи не им требаат критериуми, тие веќе се регистрирани и исполнуваат критериум за претставување на граѓаните. Повеќе се потребни критериуми во насока на учество на јавноста и граѓаните кои не се квалификувани и не треба да го имаат пресудниот збор. **Миша Поповиќ** смета дека предлагање на неконструктивни мерки е опасност за ОВП процесот согласно досегашното искуство. **Дарко Антиќ** посочи дека „гласање“ е превид и треба да се тргне, но сепак да постои јавна дискусија при објавување на документот – АП на онлјан платформа.

Ко-претседателката **Маја Петковска Лесес** заклучи дека треба да биде постигнат консензус околу терминологијата „јавност“ или да се замени со „засегнати страни“. Оттука, ко-претседателката ги покани членовите на Советот

дополнително своите забелешки, коментари и предлог-решенија, на содржината на документите кои се разгледуваа на денешната седница, да ги достават до Работната група до среда, 22.07.2020 (со track changes во сите документи за поедноставно следење) и ја задолжи Работна група да направи измени и дополнувања на текстот на документите врз основа на дискусијата од денешната седница и дополнителните коментари. Финалните документи ќе донесени од страна на Советот на посебна дописна седница која ќе се проведе на 29.07.2020 година.

## Точка 2

**Марија Николовска Арсовска** од Фондација Метаморфозис ги презентираше предлог-насоките за спроведување на прашалник за оценка на имплементацијата на мерките од Националниот акциски план за Отворено владино партнерство и потребата од нивно вклучување во новиот акциски план. Овој документ има за цел евалуација на заложбите од тековниот АП и потребата од нивно вклучување во новиот АП. Прашалникот би се спровел во последните 6 месеци од тековниот АП, а ќе го спроведат координаторите на приоритетите испраќајки го до сите членови на групите согласно определен временски рок согласно предвидената временска рамка. Извештајот и наодите од истражувањето ќе се користат во подгтовка на финалниот извештај од тековниот АП и во понатамошните фази од процесот на ко-креација на следниот АП. Наодите од истражувањето ќе бидат дискутирани во рамки на новите тематски работни групи.Како и во документите од предлог-постапката за спроведување на консултации со јавноста за креирање на нови приоритети и заложби во рамки на процесот за Отворено владино партнерство, и овој документ ќе биде предмет на доработка од страна на Работната група.


Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија
Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

## Точка 3

Предлог- Јавен повик за пријавување на учество во процесот на ко-креирање на Акциски план за Отворено владино партнерство 2021-2023 година со Пријава, треба да овозможи консултации со јавноста и пријавување на заинтересирани страни за учество во процесот на консултација и креирање на Акцискиот план за Отворено владино партнерство 2021-2023 година и вклучување во работни средби за една или повеќе приоритетни области од тековниот Акциски план 2018-2020 (Пристап до информации, Интегритет и добро управување, Фискална транспарентност, Отворени податоци, Транспарентност на локално ниво, Пристап до правда и Климатски промени), во периодот на ко-креирање на Акцискиот план за Отворено владино партнерство 2021 – 2023. 31.08.2020 година. Пријавувањето за учество во процесот на консултација и ко-креирање на Акцискиот план за Отворено владино партнерство 2021-2023 година се врши по електронски пат или со доставување на пополнет образец линк на следната електронска адреса: ovp@mioa.gov.mk, со рок до 31.08.2020 година. Како и во документите од предлог-постапката за спроведување на консултации со јавноста за креирање на нови приоритети и заложби во рамки на процесот за Отворено владино партнерство, и овој документ ќе биде предмет на доработка и усогласување од страна на Работната група.

## Точка 4

Во продолжение на седницата на Советот, од страна на **Александра Цветковска** од НДИ беа презентирани тековните активности во процесот на ко-креирање на заложби за Отворен парламент. Александра Цветковска извести дека уште во март е започната дискусија за новиот АП. Собранието донесе одлука за потреба од формирање на нов состав на Работната група за ОВП процесот. Од НДИ сметаат дека е потребно максимизирање на напорите за поддршка на Собранието на РСМ и прилагодување кон временската рамка на националниот АП. Проектот на кој работат НДИ има средства за спроведување на заложби поврзани со поддршка на Собранието, особено на собранискиот веб сајт,


Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија
Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

собранискиот канал и вклучување на јавноста во законодавниот процес. Продолжуваат и со набљудувањето и останувaат во контакт со Советот за координација и прилагодување кон заеднички прифатената временска рамка.

**Точка 5**

**Горица Нацинска** од ЦПИА ги презентираше за тековните активности во процесот на ко-креирање на заложби за Отворено судство. Ги информираше членовите на Советот дека одржале низа средби со ГОи и судските институции во областа на судство и правосудство за воведување во процесот на ОВП. Во периодот јануари – март одржани се средби од мешан карактер, претставници од судовите, Судскиот совет, Академијата за судии и обвинители, Министерството за правда и граѓанските организации каде е дискутиран и развиен прв нацрт-АП за Отворено судство. Нацрт-АП наскоро ќе биде објавен и онлајн.

АП за Отворено судство ќе опфаќа 2 тематски области, со по 3 заложби. Првата област се однесува на Пристап до информации и податоци и Подобрување на перформансите на институциите. Во првата област има разни заложби кои се однесуваат на прилагодување на Судскиот портал на РСМ на содржината за лица со оштетен и намален вид и лица со дислексија. Понатаму, подобрување на капацитетите на одделите за комуникација со јавност на судовите (подготовка на методологија и прирачник), оценување на транспарентност на судовите од страна на Судски совет преку методологија како би можело да се следи секој суд како комуницира со јавноста и со медиумите и да се предлагаат препораки за подобрување. Понатаму, унифицирање на извештаите на судовите на месено, квартално и годишно ниво, подобрување на e-learning на Академијата за судии и јавни обвинители во насока на јакнење на капацитетите на судовите преку онлјан платформа. Како следни чекори предвидени за од септември се: потпишување на декларација за отвореност на судовите и институционализација преку формирање на координативно тело за отворено судство на две нивоа со вклучување и на граѓанскиот сектор. Првото ниво – стратешко тело би било составено од претседателите на судовите, раководителите на главни судски институции, како и претставници на ГОи во насока на набљудување. Координативното тело ќе има свој мандат на делување и ќе ги регулира насоките,


Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија
Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

обврските за подобрување на практиките, а на второ ниво – оперативно ниво составено од судски службеници и ГОи. Во наредниот период стратешко тело се очекува официјално да го усвои АП за Отворено судство. Ќе одржуваат и еднодневни онлајн тематски дискусии. Горица Нацинска ја изрази подготвеноста за усогласување со новиот Национален Акциски План.

*
*    *

Маја Петковска Лесес ја затвори третата седницата на Советот, заблагодарувајќи се на сите членови на Советот и најави дека дописна седница ќе се спроведе на 29.07.2020, членовите на Советот ќе бидат навремено известени.

*
*    *

Седницата заврши во 12.10 часот.

**Маја Петковска Лесес**

Ко-претседател

**Мартин Тодевски**

Ко-претседател


Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија
Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk